# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 15, година XLVIII
Четврток, 21.12.2017
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за определување на надомест на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани и од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно кандидат за Градоначалник на Општина Битола на локалните избори октомври 2017 година**

1. Ја објавувам Одлуката за определување на надомест на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани и од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно кандидат за Градоначалник на Општина Битола на локалните избори октомври 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.11.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1060/1
21.12.2017 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 86 од Изборниот законик на РМ („Службен весник на РМ" бр.40/06...125/17) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на надомест на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани и од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно кандидат за Градоначалник на Општина Битола на локалните избори октомври 2017 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува надомест на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани и од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно кандидат за Градоначалник на Општина Битола на локалните избори октомври 2017 година.

**Член 2**

Висината на надоместокот се определува во износ од 15 денари по добиен глас за учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани кандидати за членови во Советот односно Градоначалник на Општина Битола.

Висината на надоместокот се определува во износ од 15 денари по добиен глас за учесниците во изборната кампања од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно Градоначалник на Општина Битола, доколку освоил најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на Општината.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-97/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за определување на надомест на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани и од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно кандидат за Градоначалник на Општина Битола на локалните избори октомври 2017 година ............ 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211